Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи
ЈЕГУНОВЦЕ
Ndërmarrja publike komunale për kryerjen e punëve botore
JEGUNOVCI
Бр.-Nr. 04-493/9
05.11. 2024 год.-vit.
с.Јегуновце, Јегуновце / f.Jegunovc, Jegunovc

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Сл. весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл.весник на РСМ„ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), в.д. Директорот на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце, донесе

# О Д Л У К А

За избор на кандидат по јавен оглас бр.233/2024 за вработување
на административен службеник

1. За извршител на работното место КДР 0102 В04 042 Помлад соработник за човечки реурси во Одделение за општи и правни работи, во Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце, се избира кандидатот со идентифукациски код 67С1Е90 **Билјана Тошевска**.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Образложение

На ден 12.09.2024 год., Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр. 233/2024 во дневните весници „Нова Македонија" "Слободен печат" и "Коха", за вработување на 1 (еден) извршител на неопределено време на работно место Помлад соработник за човечки ресурси во Одделение за општи и правни работи во Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце.

Со решение бр.10-1336/3 од 18.09.2024 година, од страна на Агенцијата за администрација, формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас, која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник согласно Законот за административни службеници.

По спроведената постапка Комисијата изготви Записник од извршената административна селекција за административен службеник, бр.10-1336/4 од 27.09.2024 год., Записник од спроведениот испит за административен службеник, бр.10-1336/7 од 28.10.2024 год., како и Записник од спроведена проверка за веродостојност на доказите и интервју за административен службеник, бр.10-1336/8 од 31.10.2024 год.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција изготвена е конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување по јавен оглас бр.233/2024 и истите се доставени до в.д. Директорот на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце.

Согласно предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.233/2024, бр.10- 1336/10 од 31.10.2024 год., в.д. Директорот на Општинското јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце, донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ОЈП ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце
в.д. Директор
Љупчо Столески